# АНАЛИЗИ НА НАкС ЗА ИСПЛАТЛИВОСТА ОД СТИПЕНДИРАЊЕТО СТУДЕНТИ НА ПРВ, ВТОР И ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ НА ЕДЕН ОД ПРВИТЕ 100 УНИВЕРЗИТЕТИ ОД ШАНГАЈСКАТА ЛИСТА

**(ПОДАТОЦИ 2010-2021)**


**Анализата ја подготвија:**

Проф. д-р Мимоза Ристова, УКИМ

Проф. д-рВиктор Стефов, УКИМ

Проф. д-р Мирјана Најчевска, УКИМ

## Содржина

1. Вовед ........................................................ 3
2. Методи и средства ........................................................ 4
3. Резултати од анализите за стипендистите на МОН на првиот циклус студии ... 6
4. Резултати од анализите за стипендистите на вториот циклус........................ 11
5. Резултати од анализата на законската и подзаконска регулатива..................... 16
6. Заклучоци........................................................ 28
7. Препораки ........................................................ 29

**Благодарност:** Проектот е финансиран од сопствените средства на Независниот Академски Синдикат – НАкС, 2023 година.

## 1. Вовед

Доделувањето стипендии за студирање надвор од Република Севрна Македонија претставува еден од начините за поддршка на развојот на заедницата преку овозможување на студии кои не се застапени или не се доволно развиени во Северна Македонија, проширување на знаењата на студентите со цел зајакнување на академската заедница во државата, одговор на потребите искажани од страна на бизнис заедницата.

Со оглед на тоа дека станува збор за доделување неповратни средства од Буџетот на државата наменет за развој на високото образование на физички лица, од исклучителна важност е да се утврди како се доделуваат овие средства и кои се резултатите од остварениот студиски престој во странство за пошироката заедница, академската заедница во државата и бизнис секторот.

Во анализата се користени податоци добиени од страна на Министерството за образование и наука, законски и подзаконски акти со кои се регулира релевантната материја и податоци достапни на интернет.

Анализата е структуирана во два дела:

- Анализа на податоците за доделени стипендии за студирање во странство за додипломски, магистерски и докторски студии[1].
- Анализа на законската и подзаконска регулатива со која се определуваат критериумите за доделување стипендии и се одредуваат обврските на корисниците на стипендии.

Основаната цел на оваа студија е да ги анализира состојбите во високото образование на Република Македонија поврзани со стипендирањето од МОН на наши државјани да студираат на еден од светските универзитети и ефектите за нашата држава од таквото буџетско зафаќање.

Досега само неколку електронски медиуми имаат објавено написи кои го покреваат прашањето за успехот, ефикасноста и придобивките од овие стипендии за Република Северна Македонија, но ниту една од владејачките гарнитури не направила анализа или ревизија, ниту пак покренала какви и да било измени. Така, на пример, Радио Слободна Европа на 11.12.2021 година има објавено аналитичка

[1] Анализата се потпира пред се на податоците кои се официјално добиени од Министерството за образование и наука. Со оглед на тоа што министерството не одговори соодветно на голем дел од поставените барања и не ги достави бараните податоци, делови од анализата се базираат на претпоставки изведени од постоечките податоци или се укажува на недостатокот на соодветни податоци.

сторија под наслов „Државата стипендира студенти во странство, па ги „заборава". Во овој напис се изнесуваат податоци за бројките на стипендираните студенти и за потрошените буџетски средства, но и за судбината на некои од вратените студенти кои го исполниле договорот, но не добиле ангажман (вработување) од државата, па си заминале за да си го остварат правото на работа надвор од неа.

Нашата студија има за цел да ги истражи фактите во врска со професионалните патеки на овие стипендисти, без да навлегува во причините за евентуалното заминување од земјата и неисполнување на договорот.

## 2. Методи и средства

Податоците обезбедени од МОН на барање на НАкС согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Статистичка обработка беше направена со формирање класи и пребројување на единките од секоја класа. Притоа беа формирани следните класи.

- Земји (групи од земји) на студирање и нивно прикажување во однос на вкупноит број стипендирани.
- Учеството на одделните подрачја според класификацијата Фраскати (издвојување на ИТ како посебно поле за анализа).
- Статус на вработеност во земјата или странство по завршувањето на студиите (издвојување на класа стипендисти за која нема податоци за моментално вработување).

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, од страна на НАкС беа побарани информации за стипендираните студенти на странски универзитети за прв, втор и трет циклус студии. Притоа, како одговор на барањето беа добиени табелите со податоци за студентите финансирани од МОН за прв и втор циклус студии на еден од првите 100 странски универзитети кои се на Шангајската листа. И по дополнителни ургенции поткрепени со официјални барања, за студентите финансирани за студии во странство на третиот циклус, податоците не ни беа дадени.

Во продолжение ќе се осврнеме на анализа само на добиените податоци (листи) на:

- Стипендисти на прв циклус студии во странство финансирани од МОН за периодот за академските од 2013/14 до 2017/18 година.

Стипендисти на втор циклус студии во странство финансирани од МОН за периодот за академските од 2010/11 до 2020/21 година. Квалитативна анализа на законската и подзаконска регулатива со кои се третира стипендирањето на државјани на

Републка Северна Македонија во странство и на конкурсите објавени од страна на МОН со цел доделување стипендии.

# 3. Резултати од анализите за стипендистите на МОН на првиот циклус студии

Во анализата на стипендиите доделени за додипломски студии се користени податоци за периодот 2013-2016 година. [2]

На Сликата 1 е прикажан хистограмот на годишната квота доделени стипендии во периодот 2013-2017.




Слика 1. Бројот на стипендистите од МОН во текот на неколку академски години за студии на прв циклус на странски универзитети.

Од графичкиот приказ добиен во 2023 година за годишниот број на стипендисти на I-циклус од МОН (само за академските години 2013/14, 2014/15, 1015/16 и 2016/17) може да се заклучи дека податоците се, од непознати причини, со ограничен обем и нема податоци за стипендисти кои учествувале во програмата по 2017 година.

Сепак, дури и од овој обем на податоци за годишната "квота" на стипендирани студенти од МОН на прв циклус студии на еден од првите 100 универзитети од Шангајската листа може да се види дека стипендирањето се одвива без никаква стратегија, бројот на стипиендисти кои годишно ќе се стипендираат, без прецизно дефинирана програма и без прецизно и наменско буџетирање. Напротив, постои

[2] Во анализата беа користени податоци за различни периоди на стипендирање на додипломските и магистерските студии, согласно податоците добиени од страна на МОН

хаотичен тренд кој се менува од година во година, за да кулминира во учебната 2014/15 година со пораст до 25 стипендисти од 4 стипендии доделени претходната учебна година (што претставува пораст за 600 % за кој не можевме да најдеме соодветно образложение и објаснување).

Интересен податок е тоа што при последниот повик на МОН за доделување на овие стипендии за учебната 2023/24, во конкурсот е прецизирано дека ќе бидат доделени вкупно 10 стипендии. Подоцна, на страницата на МОН се објавени резултатите од Конкурсот на кој се објавени само имињата на апликантите кои добиле стипендија и универзитетите на кои ќе бидат запишани. Податоците за подрачјето на студии, не се достапни во јавно објавениот документ.




**Слика 2.** Број на стипендисти на МОН на I-циклус студии по странска држава (или група држави) зо периодот 2013-2017.

На Сликата 2 се дадени бројот на стипендистите по странски држави кои се школувале на некој од тамошните универзитети. Од Сликата 2 може да се забележи дека најголемиот број стипендисти, поточно 57 % од вкупниот број (61) биле запишани на универзитетите во Велика Британија (35). Незанемарлив е и бројот на стипендисти во САД (15), а бројот на студенти кои добиле стипендија од Република Северна Македонија во земјите во Европската унија е 9.

На Сликата 3 е прикажана распределбата на студентите по шесте научно-истражувачки подрачја поделени според Фраскати-класификацијата. Од тракестиот график може да се види дека доминантна е едукацијата во подрачјето на

техничко-технолошките науки (28) што претставува 45 % од вкупниот број стипендирани студенти. Треба да се потенцира уште еден факт, дека од овие 28 стипендисти дури 11 студирале студии по компјутерски науки (IT).




**Слика 3.** Распределба на вкупниот број стипендисти (61) на прв циклус студии по подрачјата од Фраскати-класификацијата.

Со помош на информациите од податоците на МОН, беше направен обид да се дојде до податок за последното вработување на овие некогашни стипендисти на МОН по дипломирањето на првиот циклус студии. Имено, беше направена опсежна претрага преку социјалните мрежи (FB, Instagram, Twitter) и професионалните мрежи (Linkedin, ResearchGate). Притоа се дојде до саканиот податок за 52 од стипендистите, додека за 9 не беше најдена соодветна трага ниту од податоците на МОН, ниту од Интернет претрагата. На Сликата 4 може да се види дека од 61-те стипендисти, 11 се вработени на позиции во Република Северна Македонија, додека 41 (или 67 % од вкупниот број стипендирани) се вработени во странство.




**Слика 4.** Приказ на тоа каде се вработени стипендистите на МОН на I-циклус (податоци од мај 2023).

Од претходниве анализи може да се види дека за прв циклус студии на странски универзитети дури

**67 % од стипендистите на МОН останале да работат во странство.**

Се покажа интересно за анализа прашањето – во кои земји се вработиле овие млади професионалци, за да се формира претстава за тоа, за градењето на чии хумани ресурси (за добробит на кои држави) одат парите на даночните обврзници на Република Северна Македонија. Прашањето поинаку поставено би било: чии туѓи економии или јавни администрации Република Северна Македонија развива со помош на сопствениот скромен буџет?




**Слика 5.** Распределба на стипендисти на МОН по странски земји на нивното вработување (според истражување во мај 2023).

Од Сликата 5 јасно се гледа дека слично како што беа најбројни се стипендистите што студираат во Велика Британија (податок од Сликата 1), така се и најбројни оние стипендисти што нашле вработување во оваа земја. Може да се види дека во Велика Британија од вкупно 35 стипендирани останале 18 (околу половината), што претставува 44 % од вкупниот број стипендисти што по дипломирањето нашле вработување во странство. Графикот покажува дека 11 се вработиле во САД или Канада, 5 во некоја од земјите на Европската Унија, 4 во Швајцарија, а по 1 во државите Арапски Емирати, Албанија, Србија и Израел.

На крајот би сакале да го свртиме вниманието на обемот на средствата што биле потрошени за оваа намена, знаејќи истовремено дека домашните студенти биле лишени од секакви академски подобности (немање стипендии или ниски стипендии, лоши услови за студирање и сместување).[3]

Врз основа на добиените податоци може грубо да се процени дека за секој од стипендистите во текот на четиригодишните студии се трошело просечно по околу 40.000,00 евра по студент годишно, или околу 160.000,00 евра за четиригодишни студии. Податоците се нејасно изложени па точната бројка за просекот е тешко да се определи поради тоа што давателот на информацијата, МОН, ни има доставено доста непрецизни табели со износи на уписнина и износи за месечна стипендија и без сумарен износ на чинење на студиите за секој студент поименично (што само по себе може да значи дека и во самото Министерство нема соодветно следење и собирање на податоците поврзани со доделените стипендии, ниту пак анализи врз основа на кои би се развил и подобрил процесот на стипендирање). Според тоа вкупниот износ на овие, потрошени буџетски средства **само** во периодот 2013 до 2017 може да се процени на

**околу 2. 5 Милиони Евра.**

Ако се искористи податокот од Сликата 2 дека 67 % од овие пари биле потрошени за стипендирање на студенти кои по завршувањето се вработиле во странски држави и дека МОН овие средства не направил обид да ги врати според потпишаните договори, тогаш се добива дека

**1,7 Милиони Евра**

биле потрошени за економскиот развој на туѓи држави. Истовремено, домашните студенти и академската заедница биле осиромашени за овој износ.

---

[3] https://akademik.mk/istrazhuvanje-studentite-imaat-nizok-standard-i-najmnogu-pari-troshat-na-hrana-a-najmalku-na-knigi/ ; https://nezavisen.mk/studentite-kje-baraat-standardi-za-uslovite-vo-studentskite-domovi/;
https://issuu.com/youtheducationalforum/docs/______________________-_________

Од релевантните државни институции не беше добиен прецизен податок за тоа колку се издвојува за поддршка на научно-истражувачки проекти и/или капитални инвестиции на државните универзитети во периодот од кога се доделуваат овие стипендии.

## 4. Резултати од анализите за стипендистите на вториот циклус

Ситуацијата со стипендиите доделени за студии од втор степен не отстапува од претходната анализа.[4]

На Сликата 6 е прикажан хистограмот на годишната квота доделени стипендии за студии на втор циклус на странски универзитети во периодот 2010-2021.

Од  Сликата 6 може да севиди дека програмата за стпендирање немала поставени ограничувања за годишната квота на стипендисти, па бројот постојано се менува, а повремено и драстично. Сепак може да се забележи дека најголем е бројот на стипендисти во академската 2014/15 (33), за да падне на 6 во академската 2021/22.




**Слика 6.** Бројот на стипендисти од МОН во текот на неколку академски години за студии на втор циклус на странски универзитети.

[4] За стипендиите за овој вид студии од Министерството беа добиени податоци се до 2022 година.

На Сликата 7 е даден бројот на стипендистите кои се школувале на некој од универзитетите во странство по странски држави. Од Сликата 7 може да се забележи дека најголемиот број стипендисти, поточно 48 % од вкупниот број (165) повторно биле запишани на универзитетите во Велика Британија (80). Незанемарлив е и бројот на стипендисти во ЕУ (45), САД (17) и Шварјцарија (13).




**Слика 7.** Број на стипендисти на МОН во странски држави, студенти на втор циклус на странски универзитети (период 2010-2021). Вкупно 165.

На Сликата 8 е прикажана распределбата на стипендистите на студии од вториот циклус на странски универзитет по шесте научно-истражувачки подрачја поделени според Фраскати-класификацијата. Од тракестиот график може да се види дека доминантн била стипендирана едукацијата на кадри во подрачјето на општествените науки (79), што претставува 48 % од вкупниот број стипендисти за овој циклус. Потоа, според бројноста следуваат стипендистите на техничко-технолошките науки (53) што претставува 32 % од вкупниот број стипендирани студенти. Треба да се потенцира уште еден факт, дека од овие 53 дури 28 студирале студии по компјутерски науки (IT). Може да се забележи дека стипендирањето во подрачјето на медицината и здравството е драстично помало на претходните, но и во однос на обемот на потребни едуцирани кадри од овој критичен сектор.




**Слика 8.** Распределба на вкупниот број стипендисти (вкупно 165) на втор циклус студии по подрачјата од Фраскати-класификацијата.

Доделувањето стипендии во областа на општетсвените науки е посебно интригрантно ако се има предвид големиот број студиуми токму од оваа област, спецификата на општетсвените науки кои се често поврзани со легислативата на конкретна држава и отсуството на реални параметри врз основа на кои би се идентификувала посебна и горлива потреба од ваков кадар во државата и посебно за потребите на бизнис-заедницата.

Слично како и за стипендистите на МОН за првиот циклус студии, така и за вториот циклус беше направен обид да се дојде до податок за последното вработување на овие некогашни стипендисти на МОН по дипломирањето. Имено, беше направена опсежна претрага преку социјалните мрежи (FB, Instagram, Twitter) и професионалните мрежи (Linkedin, ResearchGate). Притоа се дојде до саканиот податок за 137 од стипендистите, додека за 28 не беше најдена соодветна трага ниту од податоците на МОН, ниту од Интернет претрагата. На Сликата 9 може да се види дека од 165-те стипендисти на вториот циклус студии, 59 се вработени на позиции во Република Македонија, додека 78 (или 47 % од вкупниот број стипендирани) се во овој момент вработени во странство. За жал, дури за 28 стипендисти не можевме да најдеме ниту податок според МОН, ниту од интернет пребарувањата.




**Слика 9.** Приказ на тоа каде се вработени стипендистите на МОН на II-циклус студии на странски универзитети (податоци од мај 2023)

Од Сликата 10 јасно може да се воочи дека најбројни се стипендистите што нашле вработување во Велика Британија. Може да се види дека во Велика Британија од вкупно 35 стипендирани останале 18 (околу половината), што претставува 44 % од вкупниот број стипендисти што по дипломирањето нашле вработување во странство. Графикот покажува дека 42 стипендисти на МОН се вработиле во некоја од земјите на Европската Унија, 16 во Британија, 9 во Швајцарија, 5 се вработиле во САД, 6 во Србија, Кореа, и други.




**Слика 10**. Распределба на некогашните стипендисти на МОН за втор циклус студии вработени во странство

На крајот би сакале да посветиме внимание на обемот на средствата што биле потрошени за оваа намена (стипендии доделени на студенти на втор циклус студии), знаејќи истовремено дека домашните студенти биле лишени од секакви академски подобности (немање стипендии или ниски стипендии, лоши услови за студирање).

**Табела 1.** Средства од МОН потрошени за програмата за втор циклус стипендисти (2010/11-2021/22)

| | |
|---|---|
| Вкупен износ од МОН (ДЕН) | 371 817 352,00 |
| Вкупен износ од МОН (EURO) | 6 045 810,60 |
| | |
| Број на студенти од втор циклус | 165 |
| Просечно евра по студент | 36 6380,00 |

Врз основа на добиените податоци прикажани во Табелата 1, може грубо да се процени дека за секој од стипендистите во текот на четиригодишните студии се трошело просечно по околу 36.000,00 Евра по студент (едногодишни студии?). Или, за целата програма во текот на 2010-2021 бие потрошени

**околу 6 Милиони Евра.**

Ако се искористи податокот од Сликата 9 дека 47 % од овие пари биле потрошени за стипендирање на студенти кои по завршувањето се вработиле во странски држави и дека МОН овие средства не направил обид да ги врати според потпишаните договори, тогаш се добива дека

**2,8 Милиони Евра**

биле потрошени за градење хумани ресурси и економскиот развој на туѓи држави.

Истовремено, домашните постдипломци и академската заедница биле неправедно лишени за овој износ.

# 5. Резултати од анализата на законската и подзаконска регулатива

Доделувањето стипендии за студирање во странство за додипломски, постдипломски и докторски студии се регулира со одредби дадени во Законот за високото образование и Законот за студентски стандард.

## 5.1. Законски основи за доделување стипендии

Во Законот за високото образование[5] материјата поврзана со доделувањето стипендии од страна на државата е спомната во два члена: 27 и 43. Во членот 27 е дефинирано генералното право на студентот да добива стипендија:

> *студентот има право да "добива државни или други стипендии или да користи финансиски кредит за издршка за време на школувањето".*

Во членот 43 меѓу надлежностите на Националниот совет е дадено дека тој

> *"предлага Уредба за мерила и критериуми за стимулирање на талентирани студенти и за стипендирање на студенти кои постигнуваат натпросечни резултати во студиите, која ја донесува Владата на Република Македонија".*

Во Законот за високото образование нема конкретни одредби со кои на било каков начин би се регулирала материјата за стипендирање на студентите, нема одредби со кои би се утврдил државниот интерес или генералните рамки за доделување стипендии за студирање во странство и врз основа на тоа и целта која би требало да ја постигне издвојувањето на средствата од буџетот на државата, ниту пак било какви критериуми и процедури за доделување стипендии за студирање во државата и во странство, посебно поврзани со областите на студирање од интерес за државата, односно, надополнувањето на образовните празнини во конкретни области од високото образование.

Во натамошното законско регулирање, доделувањето стипендии (како за студирање во државата така и за студирање во странство) е ставено во контекстот на студентскиот стандард.

[5] Службен весник на Република Македонија, бр. 82 од 8.5.2018 година

Според членот 9 од Законот за студентски стандард:

> *"Под студентски стандард, во смисла на овој закон, се подразбира обезбедување на сместување, исхрана, школарина, стипендии, како и задоволување на работните, културните, информативните, спортско-рекреативните и други заеднички потреби на студентите."*

Целокупната материја поврзана со доделувањето стипендии на студентите е регулирано во главата IX од Законот за студентски стандард.

Поместувањето на одредбите за доделување стипендии во овој закон имплицира поврзување на стипендирањето со материјалната положба на студентите и одредена социјална димензија на доделувањето на стипендиите. Тоа значи дека стипендиите пред сé се идентификуваат како дел од условите кои им овозможуваат на студентите достап до соодветно образование. Ова не кореспондира со одредбите на Законот за високото образование (каде што се потенцира поддршката на талентираните студенти) ниту пак на конкретните параметри дадени во подзаконските акти кои ја регулираат оваа материја, одлуките на Владата, конкурсите кои се објавуваат со цел избор на студенти-приматели на стипендии, ниту пак со договорите кои државата ги склучува со секој студент посебно, а во кои (кога станува збор за стипендиите доделени за студирање во странство) акцентот е ставен на рангирањето на факултетот на кој се запишува студентот, а не на социјалната димензија.

Оттука, останува потполно нејасно зошто регулирањето на доделувањето стипендии за студирање во странство е сместена во Законот за студентски стандард.

Повторно (исто како и во Законот за високото образование) и во овој закон нема одредби кои би ја вметнале како критериум за доделување на стипендиите конкретна област од интерес на државата или област која отсуствува од високото образование во Република Северна Македонија. Тоа значи дека стипендиите се доделуваат и за факултети, односно студиуми кои постојат во Македонија, за области кои не се од интерес ниту за државата ниту за бизнис заедницата и за студиуми кои се добро разработени во Република Северна Македонија и за чиј развој би можеле да се доделат вака издвоените средства..

Според членот 48 од овој закон основна цел на стипендирањето (како генерална определба за било кој облик на стипендирање) е:

> *"откривање, стимулирање и негување на надарени студенти од различни области на науката, техниката, културата, уметноста и спортот"*.

Меѓутоа, ниту во законот ниту во подзаконските акти нема јасни критериуми според кои би се издвоиле студентите кои се посебно надарени во одделни области

(учество на натпревари од конкретна област, добиени награди во конкретна област, ...).

Според истиот член, како критериуми за стипендирање на студентите се посочуваат:

> *"- постигнатиот успех во образованието, студиската програма на која е запишан студентот, материјалните можности на студентите и нивните семејства и учество во Програмата за обезбедување на туторство на ученици од основното образование, односно Програмата за обезбедување на туторство на ученици од средното образование."*

Во одредувањето на генералните/општи критериуми за стипендирање не е направена разлика меѓу стипендирањето на национално ниво или надвор од државата, од што може да се изведе заклучок дека истите генерални критериуми се применуваат и при доделувањето стипендии за студирање во странство.

Конклудентно, би можело да се претпостави дека овие генерално поставени критериуми се однесуваат и на стипендиите кои се добиваат за студирање во државата и оние кои се доделуваат за студирање во странство. Меѓутоа, со оглед на тоа дека ниту во подзаконските акти ниту пак во конкурсите кои се распишуваат за доделување стипендии за студирање во странство не се реферира на ниту еден од овие критериуми, очигледно тие не се земаат предвид за доделување на овој вид стипендии.

Изборот на студентите кои ќе добијат стипендија се врши по апликација на студентите врз основа на конкурс/конкурси кој го објавува МОН.

Според членот 49 од Законот за студентски стандард[6]

> *(1) Доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во Република Македонија се врши врз основа на конкурс кој го објавува Министерството.*
>
> *(2) Доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во странство се врши врз основа на конкурс кој го објавува Министерството.*
>
> *(3) Конкурсите од ставовите (1) и (2) на овој член ги содржат видот, бројот и висината на стипендиите, како и потребните документи и рокови за доделување на стипендии.*

[6] „Службен весник на Република Македонија" бр. 15/2013, 30/2013, 120/2013, 41/2014, 146/2015, 30/2016, 178/2016, 64/2018 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2019

*(4) Во зависност од видот на стипендијата студентот до Министерството поднесува барање за добивање на стипендија со потребната документација, и тоа:*

Понатаму во истиот член (49), се набројани 39 документи кои студентот треба да ги поднесе за добивање на стипендија (повторно во набројувањето на потребната документација не е направено разликување меѓу стипендиите за студирање во Република Северна Македонија и во странство).

Од законската формулација:

*Во зависност од видот на стипендијата студентот до Министерството поднесува барање за добивање на стипендија со потребната документација*

останува нејасно дали сите овие документи треба да се поднесат (и се дел од процесот на рангирање) за секоја од стипендиите (независно од тоа дали станува збор за студирање во или надвор од државата), или пак, станува збор за различни документи кои треба да се поднесат зависно од видот на стипендијата (во законот не е наведено кои документи се потребни за секоја од различните стипендии).

Во ставот 10 од истиот член (49) за прв пат е направено разликување меѓу критериумите за доделување стипендии за студирање во државата и надвор од државата. Во овој став се издвојуваат посебните документи кои се бараат при поднесување апликација за добивање стипендија согласно ставот 1 од овој член кој се однесува на стипендии кои се доделуваат "на студенти кои студираат во Република Македонија"),:

*"Од вкупниот број на стипендии од ставот (1) на овој член (49 % се за студенти од социјалните категории, 30 % се за студенти кои постигнале особен успех во учењето, 20 % се за студенти кои се запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и/или медицинските науки и 1 % се за студенти кои се запишани на студиски програми на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование.".*

Понатаму во законот не се предвидени посебни критериуми специфични за добивање стипендии за студирање во странство, односно, нема посебен став со кој би се прецизирале критериумите за доделување стипендии кои се однесуваат на ставот 2 од членот 49 "Доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во странство".

Во ставот 11 од членот 49 е вметната нова, многу нејасна одредба според која

*“Видот на студентските стипендии и начинот на доделувањето на студентските стипендии ги пропишува министерот.“*

Вака вметната во членот во кој би требало да се формулирани критериуми за доделување стипендии, оваа одредба остава впечаток дека законот му дава дискреционо право на министерот понатаму да одредува конкретни стипендии и посебни критериуми и процедури кои се надвор од претходно законски идентификуваните.

Во генералните критериуми дадени во членот 49 се спомнува потпишување меница (што би требало да претставува гаранција за враќање на средствата добиени како стипендија под одредени претходно набројани услови) меѓутоа во самиот закон не е дадена одредба со која се дефинираат обврски на корисниците на стипендии за студирање во странство по добивањето на стипендијата и по завршувањето на делот од образованието за кој е доделена стипендијата.

## 5.2. Правилници и подзаконски акти за доделување стипендии

Во посебните правилници кои ги пропишува министерот за образование и наука[7] за доделување стипендии за студенти кои студираат во странство се дефинирани неколку критериуми кои би требало да овозможат избор меѓу студентите кои аплицираат за овој вид стипендии:

1. *стипендии за додипломски студии од прв циклус во прва година, на еден од првите сто рангирани универзитети, односно првите двеста рангирани универзитети од областа на техничките науки според последната објавена ранг - листа на Центарот за универзитети од светска класа при Шангајскиот Џио Тонг универзитет на студии од областа, односно областите кои се определени во конкурсот за доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во странство;*
2. *стипендии за додипломски студии од прв циклус во прва година на Academy of Performing Arts (FAMU) во Прага, Република Чешка на студии од областа на филмската и музичката уметност која е од посебно научно и образовно значење за Република Македонија*
3. *стипендии за додипломски студии од прв циклус во прва година на еден од реномираните универзитети во светот од областа на ликовната уметност, кинематографија и филмска продукција, драмска уметност и музика*

[7] П р а в и л н и к за видот на студентските стипендии и начинот на доделување на студентските стипендии на студенти кои студираат во странство, https://www.slvesnik.com.mk/Issues/d27d3ad208b84f37a332a95bb4baba26.pdf

4. *стипендии за додипломски студии по старотурски јазик*
5. *стипендии за други универзитети и студиски програми кои се од особено значење за Република Македонија.*

Во правилникот за видот на студентските стипендии и начинот на доделување на студентските стипендии на студенти кои студираат во странство[8] е даден и критериум за избор на кандидат во ситуација кога се поклопува бројот на бодови.

> *Член 4*
>
> *При еднаков број на бодови, предност во доделувањето на стипендијата се дава на оној кандидат кој има подобар успех остварен во средното образование. Во случај ако кандидатите повторно имаат ист број на бодови, предност во доделувањето на стипендијата се дава на оној кандидат кој се определил за повисоко рангиран универзитет според последната објавена ранг-листа на глобални универзитети за високо образование од Институтот за високо образование при Шангајскиот Џио Тонг универзитет.*

Со измената од 2021 година во правилникот се прецизира предноста која се дава при упис на конкретни универзитети:[9]

1. *стипендии за додипломски студии од прв циклус во прва година на еден од првите десет рангирани универзитети од сите области,*
2. *стипендии за додипломски студии од прв циклус во прва година од областа на техничките науки, архитектурата, градежништвото, математиката, меѓународното право, економијата и финансиите, физиката, биологијата, хемијата, медицинските науки и генетиката на еден од првите сто рангирани универзитети, согласно последната објавена листа на Центарот за универзитети од светска класа при Шангајскиот Џио Тонг универзитет.“*

Во измената на правилникот донесена во 2023 година[10] направена е уште една минорна техничка определба со која би требало да се обезбеди рангирање на студентите кои аплицираат за стипендии (документот е на наредната страна).

И покрај овие промени кои навидум даваат основа за рангирање на студентите кои аплицираат за стипендии за студирање во странство, останува фактот дека не се дадени никакви суштински критериуми кои би биле поврзани со потребите на Република Северна Македонија како држава, потребите на бизнис

[8] Службен весник на Република Северна Македонија, Бр. 220 од 2016 година
[9] https://www.slvesnik.com.mk/Issues/f1eb3679590b45a59c86690f96518880.pdf
[10] 93/23

заедницата во Република Северна Македонија, на академската заедница и/или поврзани со недостатокот од соодветен кадар или услови за едукација на конкретен кадар.

Уште попроблематична е фразата дека треба да станува збор за универзитети и студиски програми од “особено значење за Република Македонија“. Таа е потполно бесмислена во ситуација кога во ниту еден закон или подзаконски акт нема предвидена процедура за одредување што е тоа што се третира како елемент од особено значење за Република Македонија генерално, односно и посебно во областа на образованието и науката.

Број на Службен весник:93/2023
Датум на објава на Службен весник:02.05.2023
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

Врз основа на член 49 став (11) од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16, 178/16, 64/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19, 248/20 и 302/20), министерот за образование и наука донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИДОТ НА СТУДЕНТСКИТЕ СТИПЕНДИИ И НАЧИНОТ НА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТУДЕНТСКИТЕ СТИПЕНДИИ НА СТУДЕНТИ КОИ СТУДИРААТ ВО СТРАНСТВО**

**Член 1**

Во Правилникот за видот на студентските стипендии и начинот на доделување на студентските стипендии на студенти кои студираат во странство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 220/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 48/21), членот 4 се менува и гласи:

„При еднаков број на бодови, предност во доделувањето на стипендијата се дава на оној кандидат кој е примен на повисоко рангиран универзитет според последната објавена ранг-листа на глобални универзитети за високо образование од Институтот за високо образование при Шангајскиот Цио Тонг универзитет.

Во случај ако кандидатите повторно имаат ист број на бодови, предност во доделувањето на стипендијата се дава на оној кандидат кој остварил повисок резултат на испитот за познавање на странски јазик на кој се одвива наставата, на кој ќе студира кандидатот (ТОЕФЕЛ/TOEFL, ИЕЛТС/IELTS, ДЕЛФ/DELF или нивен еквивалент за соодветниот јазик).“

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 19-4876/1
27 април 2023 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
Доц. д-р **Jeton Shaqiri**, с.р.

Големиот број набројани факултети за кои е предвидена можност за доделување стипендија за студирање во странство (без видливо разликување на оние кои ги има во Македонија како добро етаблирани и со долгогодишно искуство од оние кои ги нема или кои се во развој) како и отсуството на јасна определба што значи тоа “особено значење за Република Македонија“ отвора простор доделувањето стипендии за студирање во странство (додипломски, постдипломски и докторски студии) фактички да остане не само дискреционо право на министерот за образование туку и предмет на апсолутно самоволие.

И повторно, ниту во правилниците и подзаконските акти не е дадена одредба со која се предвидуваат било какви обврски на корисниците на стипендии по добивањето на стипендијата и по завршувањето на делот од образованието за кој е доделена стипендијата.

## 5.3. Конкурси за доделување стипендии за студирање во странство

### *5.3.1 Критериуми за добивање и распределба на стипендиите дадени во конкурсите објавени од МОН*

Во одговорот на прашањето за постоечките критериуми кои се користат за доделување стипендии за школување во странство, Министерството за образование воопшто не се повика на Законот за високо образование и Законот за студентски стандард, или пак на било каков друг подзаконски акт со кој би се регулирала оваа материја.

Според овој одговор сите критериуми за избор во доделувањето стипендии се дадени во самиот конкурс.

> - Критериумите за избор на кандидати за добивање на стипендии се уредени со конкурсите, кои можете да ги најдете на нашата веб-страница. Конкурсите за академска 2022/23 година се објавени на на https://mon.gov.mk/content/?id=4524

Меѓутоа, во посочениот Конкурс за доделување стипендии за студирање во странство повторно нема ниту прецизни ниту доволни критериуми кои би овозможиле соодветно разграничување на барателите на стипендии согласно Законот за студентски стандард.

Според формуларот-барање кој треба да го поднесат апликантите за стипендии за студирање во странство, тие треба да поднесат документи за: завршеното образование, потврда за приемот на високообразовната установа во странство, доказ за познавање соодветен јазик, мотивационо писмо и потврда за државјанство.

Од ниту еден од овие документи не може да се извлечат податоци кои би обезбедиле рангирање на апликантите.[11]

И според последниот Конкурс за учебната 2023/24 година од кандидатите не се бараат суштински поинакви документи:

1. *Да има завршено соодветно средно образование, при тоа до денот на пријавувањето да остварил успех во средно образование од најмалку просечна оценa 5,00 од сите предмети во текот на средното образование, а доколку учи средно образование во странство, да остварил*

---

11

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

ПРИМЕНО
Универзитет ______________________
Факултет ______________________
Место, Држава ______________________
Архивски број ______________________

**БАРАЊЕ**

Од ________________________________ од ________________,
(име и презиме на студнтот) (општина)
Со ЕМБГ ________________________________
ул. ________________________________ бр. ______________
Контакт телефон ______________, e-mail:________________________

**Согласно „Конкурсот за доделување стипендии за академски студии од прв циклус во странство за академската 2022/2023 година “ ги доставувам следните документи:**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Фотокопии од сведетелства за завршени I, II, III иIV година средно образование, заверени на нотар или фотокопии од сведителства за завршени I, II иIII година средно образование заверени на нотар и потврда за запишана IV година средно образование (Доколку кандидатот за доделување на стипендија средното образование го има завршено во странство да се достави доказ за извршена нострификација од страна на Министерството за образование и наука) | ДА НЕ |
| 2 | Потврда од високообразовната дека кандидатот е примен прв пат во прва година на додипломски студии од прв циклус во тековната академска година, известување за времетраење на семестарот, времетраењето на студиите односно бројот на семестри и цената на уписнината | ДА НЕ |
| 3 | Доказ за познавање на англиски јазик, односно јазикот на кој се изведува наставата | ДА НЕ |
| 4 | Своерачно потпишана изјава, под морална и кривична одговорност, дека кандидатот не е корисник на стипендија за додипломски студии од прв циклус од други даватели (заверена на нотар), | ДА НЕ |
| 5 | Моивациско писмо | ДА НЕ |
| 6 | Уверение за државјанство на Република Северна Македонија | ДА НЕ |

Кандидат: ______________________

Примил: ______________________

*еквивалентен просечен успех од најмалку просечна оцена 5,00 од сите предмети во текот на средното образование.*

*2. Да е примен на додипломски студии од прв циклус за прв пат во прва година во академската 2023/2024 година на еден од првите сто рангирани универзитети од областа на техничките науки, архитектурата, градежништвото, математиката, меѓународното право, економијата и финансиите, физиката, биологијата, хемијата и генетиката, согласно последната објавена листа на Центарот за универзитети од светска класа при Шангајскиот Џио Тонг универзитет.*

*3. Да има доказ за активно познавање на јазикот на кој се изведува наставата.*

*4. Да не е корисник на стипендија од друг давател.*

*5. Да е државјанин на Република Северна Македонија.*

*6. Да не му била доделена претходно стипендија од Министерството за образование и наука за студии во странство, независно дали истата ја искористил, делумно ја искористил или не ја искористил.*

Навидум е зголемен бројот на критериуми за избор на студенти на кои ќе им бидат доделени стипендии, меѓутоа повторно од документите кои се бараат согласно пријавата која треба да ја пополнат кандидатите не може да се добијат прецизни податоци врз основа на кои може да се направи рангирање и соодветен избор.

Паѓа во очи дека во конкурсот се индицира постоење на дополнителни услови и критериумите за доделување на стипендиите:

*“Информации за условите и критериумите под кои ќе се доделуваат стипендиите можат да се добијат во Министерството за образование и наука.“*

Во конкурсот не е прецизирано на кој начин се добиваат овие “дополнителни“ информации (писмено, усмено), кој ги дава информациите и никаде не се гарантира дека сите кандидати ги добиваат истите информации. Во секој случај останува нејасно дали постојат или не дополнителни услови и критериуми кои како информација ги добиваат кандидатите. Меѓутоа, доколку постојат вакви критериуми и услови, тоа што во конкурсот не се дадени овие услови и критериуми оневозможува контрола, споредување, евентуални елементи за жалба, превенирање на дискриминација и оневозможување на евентуално самоволие/произволност во доделување на стипендиите.

Доколку има генерални критериуми, односно важат истите услови како за стипендии во Македонија тоа треба јасно да биде назначено и најпрецизно да бидат

наведени овие услови и критериуми, а потоа да бидат додадени специфичните кои се однесуваат на студирањето во странство.

### *5.3.2 Обврски на корисниците на стипендии*

Во конкурсот, се спомнува обврска на корисникот на стипендијата поврзана со самата стипендија и периодот по завршување на образованието. Имено, во конкурсот е предвидено дека

> *" Избраниот кандидат со договор се обврзува дека доколку ја добие стипендијата, за секоја година помината на студии во странство ќе работи две години во Република Северна Македонија."*

Дадената обврска не е предвидена во релевантните закони и подзаконски акти (Законот за високо образование, Законот за студентски стандард и правилниците за доделување стипендии), меѓутоа може да се смета како вид на договорен однос кој ќе се подведе под соодветната законска регулатива (Закон за облигации) со која пошироко се третираат договорните односи меѓу странките.

Според конкурсот

> *"По завршувањето на студиите и враќањето во Република Северна Македонија кандидатот е должен шест месеци да биде на располагање за вработување во органите на државната управа, како и во државните високо-образовни и научни установи при што неговата работна позиција ќе биде соодветна на видот и степенот на неговите образовни квалификации." "Доколку во периодот од шест месеци на кандидатот не му е понудено соодветно вработување во органите на државната управа не му престанува обврската за работа во Република Северна Македонија за секоја година помината на студии во странство. 2. Кандидатот ќе бидат ослободен од обврската да се врати во Република Северна Македонија по завршувањето на студиите доколку во рок од три месеци од дипломирањето се вработи во компанија од Fortune top 500 листата во странство. Во ваквите случаи тој може да остане во странство максимум три години со цел стекнување на меѓународно корпоративно искуство, по што е обврзан да се врати во Република Северна Македонија и да ја одработи обврската специфицирана во точка1 погоре."*

Понатаму во конкурсот стои:

> *"Во случај кандидатот да одлучи по завршувањето на студиите, да не се врати во Република Северна Македонија и не ја исполни обврската од точка 1, потребно е да ги врати сите исплатени средства доделени за*

*стипендија во износ десетпати поголем од износот на стипендијата, најдоцна во рок од една година од завршувањето на студиите.“*

Според одговорот добиен од МОН до сега не е побарано враќање на доделените средства од ниту еден корисник на стипендија за студирање во странство (на било кое ниво од студиите) и не е активирана меницата која секој од кандидатите ја потпишува согласно договорот кој го склучува со МОН.[12]

Доколку овој податок го ставиме во контекст на податокот дека од 165 студенти кои на пример, добиле стипендии за магистерски студии во странство, во периодот 2010-2021, во вкупна вредност од 6 045 810,60 ЕВРА, 44 се вработени во Македонија, за 12 нема податоци, а двајца се на докторски студии се добива податок дека, 119 од студентите кои добиле стипендии не се вработени во државата, не одработиле ниту еден ден од предвидените две години и ниту еден од нив не ги вратил средствата за стипендирање кои ги добил од државата, односно, не му било побарано враќање на овие средства.

---

12 

Република Северна Македонија

**Министерство за образование и наука**

03-7318/2

2 . . 2023

**ДО Независен академски синдикат**
**Ул. Славе Деловски бр. 7**
**Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Одговор на ваше барање**

Почитувани,

Во врска со доставеното барање за информации од јавен карактер, ве известуваме за следното:

- До сега не е побарано враќање на средства од студенти кои студирале на првите 200 универзитети од светската листа за рангирање на универзитетите.

## 6. Заклучоци

1. Материјата за добивање стипендии за студирање во странство не е до крај и соодветно регулирана со Законот за студентски стандард и воопшто не е предмет на регулирање во Законот за високо образование.
2. Во ниту еден закон или подзаконски акт не е определен посебниот интерес на Северна Македонија за конкретни студии или градење на конкретен кадар како основа за доделување на стипендиите за студирање во странство.
3. Во Правилникот за видот на студентските стипендии и начинот на доделување на студентските стипендии на студенти кои студираат во странство не е направено раздвојување на генералните и посебните критериуми за добивање стипендија.
4. Во Правилникот не се прецизирани (конкретизирани) посебните критериуми за добивање стипендија за студирање во странство што би овозможило недвосмислено рангирање на кандидатите.
5. Постоењето на можност за добивање дополнителни усни информации во МОН отвора простор за различен третман на кандидатите.
6. Во ниту еден од законските и подзаконските акти не се дадени процедури кои би овозможиле поврат на средствата дадени на име стипендија во случај кога кандидатот нема да ја изврши обврската за враќање и работа во државата
7. Сите овие елементи заедно ја оневозможуваат или во најмала рака ја отежнуваат постапката за жалба на кандидатите во случаите кога не се задоволни од одлуката на МОН, односно одбиено е нивното барање за добивање стипендија.
8. Голем дел од корисниците на стипендии за студирање во странство остануваат да работат надвор од Северна Македонија.
9. Ниту еден од корисниците на стипендии кој не се вратил во државата согласно договорот склучен за доделување на стипендијата не ја вратил сумата предвидена во договорот и за ниту еден студент не била активирана меницата која ја потпишал при склучување на договорот како гаранција за преземената обврска.

## 7. Препораки

1. Материјата за добивање стипендии за студирање во странство треба да биде соодветно регулирана во Законот за високо образование во контекст на јасно изразениот интерес и дефинирани потреби за одреден вид кадри и конкретни студиуми за кои би се доделувале стипендии за студирање во странство

2. Во Законот за студентски стандард и во правилниците за доделување стипендии треба да постојат јасно раздвоени критериуми за доделување стипендии за студирање во Република Северна Македонија и во странство.

3. Дискреционото право на министерот за доделување стипендии и формулирање на критериумите треба да биде сведено на минимум.

4. Во самите закони и во правилниците треба да бидат прецизирани одговорностите на корисниците на стипендии за студирање во странство со јасна процедура за поврат на средствата во случаите на неисполнување на условите поврзани со одработување на одреден број години во Република Северна Македонија под кои се зема стипендијата.

5. Може да се размисли за иницирање промени кои би стимулирале кредитирање наместо стипендирање на студирање во странство што би овозможило постојано циркулирање на средствата предвидени за оваа намена.

6. Потребно е да се направи баланс меѓу средствата кои се издвојуваат за поддршка на студентите во државата, узловите за нивно студирање и академската заедница во целина и средствата кои се издвојуваат за поддршка на студирање во странство.

7. Посебно сакаме да нагласиме дека доделување на овие огромни средства за студирање во странство се почнати во време кога не се доделуваа стипендии за постдипломски и докторски студии во МОН, а дури од пред две години во многу мал обем истите почнаа да се реализираат и во земјата. Истовремено од 2009 година не се реализираат конкурси за домашни научноистражувачки проекти. Сметаме дека практично сите доделени средства (во милионски суми, само од нас обработените податоци се работи за 8,5 милиони Евра, а вкупната сума е многу поголема) многу подобро ќе беше да се вложеа за стипендирање на студенти во нашата земја и/или да се вложеа во научноистражувачки проекти во земјата. Вака излегува дека ние со државни пари десетина години директно поттикнуваме одлив на мозоци од најчуствителниот сегмент за развојот на земјата, а тоа се младиот образуван и талентиран кадар. Затоа предлагаме да се укинат овие стипендии, освен за дефицитирани кадри кои ќе бидат прецизно регулирани со правилник и средствата да се пренаменат за цели кажани погоре.